**ЗАПИСНИК**
**Од Управниот одбор на Здружението на педијатрите на Македонија**
**одржан на ден 23.12.2010 година**

Присутни членови: проф. д-р Љ. Николовски, д-р А. Сајковски, д-р И. Двојаков, д-р И. Тимовски, д-р С. Асани, д-р В. Томиќ, д-р И. Соколов, д-р Р. Стојановиќ, д-р С. Петровска.

На почетокот на состанокот д-р. И. Соколов даде информација по неговите разговори во Министерството за здравство дека е одбиено нашето барање од страна на Министерството за финансии да се врши финансирање на државни специјализации по педијатрија, а да се продолжи со специјализацијата во примарна здравствена заштита како приватни специјализации по педијатрија. Во разговорите со Заменик министерот за здравтсво д-р. Владо Поповски во однос на статусот на педијатарот на примарно и секундарно ниво е добиен одговор дека во новиот предлог Закон за здравствена заштита педијатарот останува на овие нивоа како матичен педијатар. Но, поради фактот дека во истиот стои „ПЕДИЈАТРИ ???“, потребно е да се закаже нов состанок и да се побара објаснување. Во дискусијата по оваа точка се напомена дека во моментов има 24 нови специјализанти по педијатрија.

Разгледувана е и идејата на д-р. Методија Томевски да при разговори со Министерството за здравство се излезе со јасни ставови во однос на: а) финансисрањето на специјализацијата, б) времетраењето на специјализацијата времено да се намали од 5 на 4 години и да од земјите од опкружувањето и пошироко кои го задржале 4-годишното специјализирање се види нивната програма и начинот на имплементација на новите предмети за амбулаторна педијатрија, и в) да се испита во преоден период до добивање  оптимален број  педијатри, правната регулатива за можност по стекнување на правото за пензионирање  педијатрите  да продолжат со работа. Пртоа е споменато дека во некои земји каде недостасуваат педијатри нив им е дозволено да продолжат со редовна работа, а пензијата им мирува.

Дилемите околу овие три точки како допис со информација да се испрати до сите претседатели на Здруженија на педијатри во околните земји, односно бившитеј угословенски републики, Турција, Русија и во ЕРА /UNEPSA, бидејќи имаме податоци дека на пример во Словачка, педијатрите со Законот за здравствена заштита покриваат деца до 18 години, а специјализацијата трае 4 години или осум семестри.

Предложено е да се испрати писмо до министерот за Здравство на Р. Македонија во врска со членот 33 од Законот за здравствена заштита од септември 2010 година (работна верзија) да се измени став 1 кон кој треба да се додаде и став 2 кој би гласел:

*„Целокупната здравствена заштита на децата до 18 години во примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита да ја спроведуваат педијатрите .“*

Во ставот 3 да се дозволи во транзициониот период освен школските лекари во средините каде нема доволно педијатри (во рурални средини) здравствената заштита да ја спроведуваат и општи лекари.



MEDICAL FACULTY
University Pediatric Clinic
Vodnjanska 17, 1000 Skopje

По кратка пауза продолжи состанокот со следна точка на дневен ред со која проф. Љупчо Николовски го најави наредниот состанок на Здружението на педијатрите на Македонија за 15.01.2011 година од 13 часот во хотел „Александар Палас“ под спонзорство на Astra-Zeneka со следниот дневен ред: научен дел како симпозиум за астма со три предавачи (проф. д-р Бранимир Несторовиќ од Белград, д-р Благица Манчева од Институтот за белодробни заболувања кај децата - Козле и д-р Ангел Саздовски од Клиника за детски болести) и втор дел избор за нов претседател на Здружението на педијатрите на Македонија.

Притоа по анализа на Статуот на ЗПМ и Правилникот за избори на ЗПМ е констатирано дека за легитимни избори потребно е да се присутни 1/3 од членството. Притоа според податоците оние кои кои работат со деца до 6 години се вкупно 114, од 7-18 години вкупно 21 во примарната заштита, во вакциналните пунктови вкупно 45, неонатолози се 24, во секунбдарна заштита се 35, а во терцијарна заштита 85 педијатри, т.е. вкупно 324 педијатри, а една третина е 108. Изборите треба да се тајни според член 23, а предлозите јавни и да се доставаат до генералниот секретар до 12.01.2011 година.

Оформени се и следните изборни тела:

**Работно претседателство**: проф. Љупчо Николовски, д-р Иван Двојаков, д-р Соња Петровска, д-р Александар Сајковски и д-р Катерина Ставриќ.

**Верификационата комисија:** д-р Соња Петровска, д-р Филип Дума и д-р Теута Јакупи.

**Изборната комисија:** д-р Лидија Нешковска, д-р Шенаси Јусуфи, д-р Светлана Крстевска, д-р Ферит Муча и д-р Весна Томиќ.

**Кандидационата комисија:** д-р Иван Двојаков - претседател и членови д-р Султана Асани и д-р Олгица Николовска.

**Записничар:** д-р Илија Тимовски, а за **заверувачи на записникот** се одредени д-р Митка Тренчева и д-р Радмила Стојановиќ.

Пред почеток на изборот претседателот на Здружението на педијатрите на Македонија да даде извештај за работа на Здружението во последниот мандатен период.

Во текот на состанокот претседателот на Здружението проф. Љ. Николовски даде неколку предлог-проекти за наредниот период и тоа да се работи на подготовка на издавање книга за историја на педијатријата во Македонија, понатаму да се изготви суплемент на веќе издадената бела книга, како и да се продолжи со редовно одржување и подобрување на веб страната за што е потребно и редовно финансирање.

Александар Сајковски извести како течат подготовките за организација на 5-тиот Конгрес на педијатрите на Македонија кој треба да се одржи од 5 до 9 октомври 2011 година во Охрид, во хотел Метропол и хотел Белви.

*Скопје, 23.12.2010* *Записничар:*

*Прим. д-р. Соња Петровска*

For your child safety